ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1940/1
11-07-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-1976/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1976/1 од 19.07.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-1976/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ________________ во законски предвидениот рок по избор на функцијата пратеник во ________________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 19.07.2024 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

ДКСК на ________________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1976/3 од 01.08.2024 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-1345/4 од 10.06.2025 година, со кое сторителот ____________________ го прогласи за одговорен, по што ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил**: К.Б, помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** м-р С.Д член